РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup

| Примено: / Pranuar më: | 03. 01. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia org. | Број / Num.ri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 09 | 2/5 | | |

Врз основа на член 53 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува Образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование.

**Член 2**

Образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| **Бр. ___________** | **Министер** |
| **___________ година** | **за образование и наука,** |
| **Скопје** | **Мила Царовска** |

Прилог

ОБРАЗЕЦ

за

Извештајот за работата на Одборот за евалуација

| 1. Правна рамка |
|---|
| • Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа. <br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата. <br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование. <br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност. <br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. <br>• Врши и други работи утврдени со Закон. <br>• Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| **Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:** <br><br>Проф. д-р Владо Гичев (техничко-технолошки науки од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип). <br><br>Проф. д-р Јусуф Зејнели (општествени науки од Универзитет во Тетово). <br><br>Проф. д-р Ирина Петровска (хуманистички науки од Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола). <br><br>Проф. д-р Руменка Петковска (медицински науки и здравство од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. <br><br>Проф. д-р Билјана Кузмановска (земјоделски и ветеринарни науки од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје). <br><br>**НАПОМЕНА:** Шестиот член не е сеуште именуван од страна на Интеруниверзитетска конференција, после престанокот на мандатот на проф. д-р Митко Младенов во извештајниот период, од оправдани причини, заради времен службен престој во странство. <br><br>**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на** |

**професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

Проф. д-р Цвете Димитриеска (Универзитет „Св.Климент Охридски" во Битола)

Проф. д-р Марина Митревска (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

Проф. д-р Јетмира Алимани Јакупи (Универзитет во Тетово).

Проф. д-р Метуш Сулејмани (Универзитет во Тетово).

**НАПОМЕНА:** шестиот член сеуште не е именуван од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**

Ангел Димитров (Организација на работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

Академик Владо Матевски (Македонска академија на науките и уметностите).

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**

Во извештајниот период нема делигиран претставник од редот на студентите од страна на Интеруниверзитетска конференција, како и во претходниот период, од конституирањето на Одборот за евалуација.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Членот од редот на студентите, избран од страна на Интеруниверзитетска конференција, никогаш не присуствуваше на седниците на Одборот во претходниот период, како што е наведено во досегашните полугодишни извештаи. Мандатот на студентот е со траење од две години, што значи дека на Интеруниверзитетска конференција треба да се поведе постапка за избор на нов претставник од редот на студентите во скоро време,

3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

- Во периодот за кој се однесува Извештајот, не беа вклучени надворешни стручни лица во комисиите, работните групи односно работните тела на Одборот.

4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/07/2021- 31/12/2021 (6 месеци)

- Одборот за евалуација во претходниот период, своите активности во континуитет ги насочи кон доизготвување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, а по неговото усвојување на редовната седница на ОЕ и согласно ЗВО е испратено до Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност на усвојување, веднаш по неговото конституирање.
- Исто така, Одборот за евалуација и во овој шестмесечен период имаше интензивна позитивна соработка со МОН, со цел реализирање на своите работни обврски.
- Одборот за евалуација, врз основа на чл. 54, став 7 од ЗВО, во претходниот извештаен период формираше работна група составена од членови на ОЕ. Комисиите продолжија со работа и во овој извештаен период, во насока на докомплетирање и подобрување на Упатствата за спроведување на надворешна евалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми и Упатства за спроведување на самоевалуација на

високообразовните установи и студиските програми, постапувајќи по конструктивните забелешки од членовите на Одборот.

- На иницијатива на претседателот на Одборот за евалуација и позитивниот одзив од сите членови на Одборот, се пристапи кон организација и реализирање на работни посети од страна на формирани комисии од редот на редовните членови на Одборот, на Универзитетите и високообразовните установи на територија на РСМ. Од страна на овие комисиите, во периодот ноември – декември 2021 год., реализирани се вкупно 12 посети, на кои достојно и професионално беше образложена работата и досегашните постигнувања на Одборот. Ваквите посети наидоа на одобрување и позитивен одзив од страна на Ректоските управи и тела од страна на Универзитетите и установите. На редовна седница на Одборот, од страна на Претседателот, беа споделени заклучоци од реализираните посети, беа дадени препораки и насоки за продолжување на взаеманата позитивна соработка.
- Во извештајниот период беа реализирани две работилници, во форма на обуки на членовите на Одборот, првата, со наслов Градење на капацитетите за евалуација и самоевалуација во процесот на обезбедување на квалитет во високото образование, беше одржана на 28 и 29 Октомври 2021 год. во Скопје, на која истакнати професори одржаа актуелни предавања поврзани со работата на Одборот, кои дадоа придонес во изготвување на правилниците поврзани со постапките на спроведување на надворешна евалауција и самоевалауција. Обуката беше финансиски помогната од страна на фондацијата Фридрих Еберт, со седиште во Скопје. Втората еднодневна обука беше реализирана на 23.12.2021 год. во Штип, од страна на искусни евалуатори, кои го споделија своето стекнато знаење како учесници во спроведување на надворешна евалауција во други земји. Обуката беше реализирана во просториите на Ректоратот на УГД. Двете обуки се во организација на Одборот за евалуација.
- Членовите на Одборот на редовните седници, земаа активно учество во разрешување на сите дилеми поврзани со делокругот на работа на Одборот и даваа свој личен и професионален придонес. Покрај актуелната пролонгирана состојба со пандемијата, Одборот своите работни задачи и обврски ги реализираше навремено и професионално, без никаков застој во нивното извршување и во овој извештаен период.

**5. Краток преглед за наредниот период 01/01/2022- 30/06/2022**

Дел од активностите на Одборот за евалуација планирани за периодот 01/01/2022 до 01/07/2022 ќе се реализираат по донесување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, од страна на Националниот совет и во согласност со Министерот надлежен за високото образование.

Активностите детално се предвидени во Годишниот план за работа на Одборот за евалуација од 04/2022 до 12/2022 година. Во основа истите вклучуваат:

- Утврдување на приоритет за евалуација во рамки на надлежностите на Одборот за евалуација и известување на единиците кои ќе бидат предмет на евалуација за претстојната евалуација – планиран период 03/2022 - 5/2022 година.
- Разгледување на доставените материјали од страна на Одборот за евалуација и распределба на истите по Стручните комисии - планиран период 06/2022 година.
- Евалуација на доставените материјали од страна на Стручните комисии при Одборот за евалуација - планиран период 9 и 10/2022 година.
- Посета на ВОУ од страна на Стручните комисии и средба со комисиите за самоевалуација предложени од страна на високообразовната установа предмет на евалуација - планиран период 06/2022 година.
- Пишување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на Стручните комисии, како и поднесување на усвојување на истите од страна на Одборот за евалуација на високото образование - планиран период 11 и 12/2022 година.
- Активности и укажувања на Стручните комисии во врска со подобрување на стандардите на оние високообразовни установи кај кои првичните оценки од евалуацијата биле „условно ги задоволува барањата“ или „не ги задоволува

барањата" - планиран период 12/2022 година.

- Донесување конечно решение за евалуација од Одборот за евалуација за спроведената надворешна евалуација - планиран период 2023 година.

Се надеваме дека со помош на АКВО и МОН во претстојниот период навремено ќе се доекипираат ОЕ и Стручните комисии и ќе се отпочне со процесот на евалуација на високообразовните установи и нивните студиски програми.

6. Организација на работата

- Организацијата на работата на Одборот за евалуација, е поблиску уредена со деловникот кој го донесе Одборот за евалуација.

- Одборот за евалуација од редот на членовите избира претседател и заменик претседател.

- Формирани се постојани стручни комисии од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната Фраскатиева класификација и избрани се претседатели на истите комисии.

- Формирана е Комисија за изработка на Годишен план за работа на Одборот за евалуација составен од претседател, заменик претседател на Одборот и претседателите на постојаните стручни комисии.

- Формирано е работно тело за спроведување на одредени активности во надлежност на Одборот за евалуација, составен од претседател, заменик претседател на Одборот и претседателите на постојаните стручни комисии.

Одборот за евалуација одржа осум редовни седници и неколку седници на работни групи по укажана потреба, на кои формираше:

- Работна група за изработка на Правилник за внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет и надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација.

- Работни групи за реализирање на посети на јавни и приватни Универзитети/ ВОУ во периодот 15.10. – 15.12.2021 година.

- Работна група за подготовка на шестмесечен извештај за работата на Одборот за евалуација (01.07.2021-31.12.2021 година).

- Работна група за изработка на Упатство за воспоставување на внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација.на високото образование.

- Работна група за изработка на Упатство за воспоставување на надворешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација. на високото образование.

Се анализираше:

- Упатство за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми.
- Барање за информации од Националниот Совет за високо образование и научноистражувачка дејност, бр. 1410-17 од 27.8.2021 година
- Информација бр. 1410-42 од 08.10.2021 година од Националниот Совет за високо образование и научноистражувачка дејност во врска со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација

- Предлог материјал за работа на заедничката комисија на Одбор за евалуација и Одборот за акредитација, со работен наслов „Внатрешен систем за обезбедување на квалитетот и интегритет на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација на високото образование ".
- Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование
- Можности за започнување на постапка за ангажирање на странски експерти во стручните комисии, согласно чл. 51, став 2 од ЗВО

Притоа ги усвои:

- Одлука за организирање на дводневна работилница за членови на Одбор за евалуација, со наслов „Градење на капацитетите за евалуација и самоевалуација во процесот на обезбедување на квалитет во високото образование".
- Информација бр. 1410-42 од 08.10.2021 година од Националниот Совет за високо образование и научноистражувачка дејност во врска со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација
- Заклучоците од работилницата одржана на 28 и 29.10.2021 година во Скопје
- Информациите од реализираните посети на јавните и приватни ВОУ во периодот 15.10.-15.12.2021 година
- Одлука за организирање на работилница во форма на обука за спроведување на надворешна евалуација
- Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование

7. Преглед на финансиското работење

- Во претходниот извештаен период, Владата на РСМ донесе Одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, која е објавена во Службен весник на РСМ, бр.92/21 од 26.04.2021 год., со што примената на одлуката стапи на сила. По донесувањето на оваа Одлука, обврската за исплаќање на месечни паушали за членовите на Одборот ја презеде АКВО, при што месечниот паушал за членовите на Одборот беше намален за 10% на име персонален данок. Одборот на една од редовните седници дискутираше по однос на ова прашање и едногласно одлучи да се обрати до АКВО, како и да го покани директорот Агум Рушити да присуствува на една од наредните седници на Одборот и да даде објаснување за намалување на износот на месечните паушали за 10%. Во меѓувреме, Одборот се обрати и до МОН по однос на истото прашање и иницираше прецизирање на горенаведената одлука на Владата на РСМ за да се надмине овој проблем. На 24-та седница на Одборот, одржана на 16.10.2021 година, присуствуваше директорот на АКВО Агим Рушити, кој појасни дека во Одлуката не е наведено дека износот треба да се плаќа во нето и од таа причина парите се исплаќаат во бруто износ. На 30.11.2021, Владата на РСМ донесе Одлука за дополнување на Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, која е објавена во Службен весник на РСМ, бр.269/21 од 03.12.2021 год., со што Одлуката за дополнување на Одлуката стапи на сила.
- Во однос на останатите аспекти од финансиското работење, Одборот ќе се произнесе кога ќе започнат активностите поврзани со евалуација на

| |
|---|
| високообразовните установи и студиските програми, односно кога комисиите, согласно годишниот план за работа ќе станат мобилни, со реално направени трошоци. Од таа причина, во овој извештаен период финансиското работење на Одборот е поврзано само со исплата на редовните месечни надоместоци на членовите на Одборот. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| • Разгледување на Законот за националната рамка на квалификации (Службен Весник бр.137/2013 и 30/2016 година).<br>• Разгледување на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82/2018).<br>• Разгледување на Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовните установи и за вршење на високообразовната дејност.<br>• Разгледување на предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Разгледување на листа на акредитирани Универзитети во Република Северна Македонија.<br>• Разгледување на можноста за започнување на постапка за ангажирање на странските експерти во стручните комисии.<br>• Разгледување на методологијата по која ќе се врши исплатата на надоместоците за трошоците и постаката на евалуација.<br>• Усвојување на предлог проекција на годишни приходи и расходи на Одборот за евалуација за 2021-2022 година<br>• Разгледување на предлог Упатство за спроведување на надворешна евалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми<br>• Разгледување на предлог Решение за исплата на патните трошоци на членовите на Одборот за евалуација на високото образование и доставено до АКВО.<br>• Подготовка на Годишен план за работа на Одборот за евалуација<br>• Разгледување на изменет и дополнет предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Разгледување на предлог Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовната установа и студиските програми.<br>• Разгледување на Упатства за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми.<br>• Разгледување на можности за реализирање на посети на јавни, приватни и јавно/приватни непрофитни универзитете во РСМ.<br>• Разгледување на можноста за одржување на обуки на членовите на Одборот за евалуција, со цел нивно запознавање со искуствата на еминентни стручњаци од таа област.<br>• Разгледување на можноста за взаемна соработка на Одборот за евалуција и Одборот за акредитација, со цел воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитетот и интегритет на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација на високото образование.<br>• Разгледување и усвојување на Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование.<br>• Разгледување на прописи поврзани со спроведување на надворешна евалуација на работењето на Одборот за евалуација. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| • Предлог Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој Одборот за евалуација го усвои е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и |

| |
|---|
| насоките за спроведување на евалуацијата.<br>• После конституирањето на Националниот совет, Одборот за евлуција го прати изготвениот Правилник, на кој доби неколку конструктивни забелешки по кои Одборот ги вгради во конечната верзија. Одборот за евалуација утврди потреба за допрецизирање и финализација на предлог Правилникот за постапката и стандардите за надворешна евалуација и самоевалуација, особено во делот за потребните документи во постапката за спроведување на надворешна евалуација на високото образование. Во таа насока, Одборот за евалуација работеше на утврдување на индикатори за предвидените стандарди како и начинот на нивно оценување, подготовка на дополнителни документи во форма на Анекс кон Правилникот, кои Одборот ќе ги ползува во текот на постапката: конкурс за странски експерти, договор за ангажман, модел-извештај за сите надлежни тела, модел за изјави и др.<br>• Исто така, Одборот водеше грижа при изготвување на Упатствата за спроведување на надворешната евалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми и Упатствата за спроведување на самоевалуација на високообразовните установи и студиските програми, со сите придружни образци, табели и помошен материјал, да се запазат сите препорачани Европски стандарди поврзани со квалитетот на високото образование.<br>• Одборот за евалуазија после спроведените посети на Универзитетите во РСМ, кои наидоа на позитивни коментари на обострано задоволство, пристапи кон прибирање на предлози и сугестии од страна на Универзитетите и ВОУ, поврзани со изработка и пропишување на индикаторите за квалитет, кои се пропишани согласно ESG – ENQA стандардите, предлог препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност, како и други сугестии во насока на подигнување на квалитетот на високото образование. |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| • Во извештајниот период, членовите на претходно формираната комисија во состав: проф. д-р Јусуф Зејнели, проф. д-р Цвете Димитриеска и проф. д-р Руменка Петковска, имаа задача да подготват Правилник за внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет и надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација. Комисијата беше во постојана меѓусебна комуникација, со цел да произлезе квалитет материјал, со кој би се опфатила оваа законска обврска поврзана со воспоставување на внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет и надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација. На иницијатива на двата одбора, Одборот за акредитација и Одборот за евалауција, се одржаа продуктивни состаноци на работните групи од страна на двата одбора, со цел да се споделат искусутва поврзани со оваа проблематика, особено во делот на внатрешната евалуација на одборите. После конструктивната расправа на неколку одржани состаноци на комисијата од страна на Одборот за евалуација и во координација со претедателот на Одборот, проф. Марина Митревска, произлезе концизен материјал кој се однесува на спроведување на постапката за внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет, односно се изработи Упатство со кое се пропишува оваа постапка, за што беа известени и сите останати членови на Одборот за евалуација. Упатството беше разгледано и усвоено на претпоследната седница на Одборот во овој извештаен период. Точниот наслов на Упатството е „Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование“, кое е сочинето од општ дел и анкетен прашалник. |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| • Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството |

надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Во изминатиот период, погоре посочените комисии од страна на двата одбори, дискутираа околу начинот на реализација на оваа обврска. Од страна на Одборот за евалуација, констатирано е дека, РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи.

11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми

Одборот за евалуација, во изминатите 6 месеци од овој извештаен период од своето работење, сеуште нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми, како што е веќе наведено во точка 4 од овој извештај. Од таа причина, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација и во овој извештаен период.

12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми

Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11.

13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност

Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11.

14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа

Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11.

15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања

Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11.

16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови

Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11.

17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма

Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континиутет, во погоре наведените точки.

18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети

Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети.

19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа

Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација.

20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи

| |
|---|
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| • Во извештајниот период, членовите на Одборот за евалуација активно учествуваа на две работилници во форма на обуки..<br><br>➢ Првата работилница беше одржана на 28 и 29 октомври во Скопје, со наслов: "Градење на капацитетите за евалуација и самоевалуација во процесот на обезбедување на квалитет во високото образование" во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје. Во рамките на работилницата беа разгледани актуелните предизвици во работата на Одборот за евалуација, а особено во контекст на развојот на идниот систем за евалуација на високообразовните установи во РСМ. На работилницата беше повторно разгледуван и анализиран и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација кој е во постапка на донесување.<br><br>➢ Втората работилница беше одржана на 23.12.2021 година во Ректоратот на УГД во Штип, на која членовите на ОЕ имаа можност да разменат искуства и мислења со двајца надворешни евалуатори на студиски програми и универзитети во Европа. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| • Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација на системот за обезбедување на квалитет. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| • Член на Одбор за евалуација проф. д-р Владо Гичев, учествуваше онлајн консултативна средба на НАКС, на 29.09.2021 година.<br>• Член на Одборот за евалуација проф. д-р Владо Гичев, учествуваше на посебен панел за евалуација во високото образование на 4-th Regional Conference of Evaluators in the Balkans region: Reflecting the practice of evaluation, организирана од Western Balkan Evaluation Network, Macedonian Evaluation Network end MCA 2000. |
| 25. Посети на делегации |
| Согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на корона вирусот- Ковид 19, Одборот за евалуација не беше во можност да организира посети на делегации. |
| 26. Остварена соработка |
| Во извештајниот период, беа остварени 12 посети на јавни и приватни ВОУ (УКЛО, УГД, УКИМ, Американ Колеџ, Универзитет Мајка Тереза, ФОН, Универзитет за туризам и менаџмент, Балкански Универзитет, Славјански Универзитет, Факултет за бизнис економија, Европски Универзитет и Универзитет на ЈИЕ) во РСМ, на кои средби членовите на ОЕ поблиску ги запознаа ректорите/деканите на ВОУ со работата на ОЕ и законските обврски во делот на надворешната евалуација и самоевалуација. На средбите беше иницирана и соработка помеѓу ВОУ и ОЕ при изготвувањето на индикаторите за европските стандарди за самоевалуација, кои ќе бидат составен дел од Правилникот за стандардите и постапката за евалуација и самоевалуација, како и за препораките потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност. Освен тоа,во извештајниот период остварени се и неколку средби со ресорниот министер за образование и наука - Мила Царовска, во просториите на Министерството за образование и наука. Остварените средби се во функција на унапредување на квалитетот на работата на Одборот за евалуација. |

| 27. Издавачка дејност |
| --- |
| • Заради квалитетна работа на Одборот за евалуација и заради континуирано обезбедување на помошен материјал за ефикасно спроведување на процесот на евалуација и во овој извештаен период, се продолжи со разгледување и изготвување на работен материјал во форма на упатства, за што се дискутираше на редовните седници на Одборот, како што е поопширно објаснето во точката 6 и 8. За нивната имплементација, како и во претходниот период, после нивното усвојување се предвидени обуки на кои ќе се објасни нивната практична применливост заради обезбедување на внатрешен квалитет во работењето на Одборот за евалуација но и заради унифициран пристап при процесот на евалуација. Изготвените и усвоени упатства и помошни материјали, се сметаат како издавачка дејност на Одборот. |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| http://www.akvo.mk, Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница. Донесените акти од страна на Одборот за евалуација преку архива на АКВО се доставени до АКВО и истите се објавени на Веб страната. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| • Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018 година.<br>• Стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015).<br>• Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.<br>• Упатство за спроведување и постапка за надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми.<br>• Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (УКИМ, 2013 година).<br>• Останата помошна литература, користена при изработка на Упатствата цитирани во точка 27 од овој Извештај. |
| |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| Име и презиме, потпис |
| Место и датум, Скопје 31.12.2021     проф. д-р Марина Митревска |
| |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË SHKUP